**Триглав Осигурување АД**
Бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување од пожар на нова вредност

УС-пож-нв
12-1-мк

## член 1: важност на условите

[1] Овие дополнителни услови важат за осигурување на градежни објекти и опрема на нова вредност.

[2] По овие дополнителни услови може да се осигурат градежни објекти и опрема чија загубена вредност поради абење, старост, економска и техничка застареност (амортизација) не надминува 40% од новата вредност на тие предмети. Кај осигурувањето на опрема, која ја сочинуваат повеќе поединечни предмети важи дека границата на амортизација во просек изнесува 40% од вредноста на таквите нови предмети.

[3] За ова осигурување исто така важат и општите услови за осигурување од пожар наведени во полисата, освен во членовите за осигурена вредност и пресметка на штета, кои вклучуваат амортизација.

## член 2: осигурена вредност

[1] Осигурена вредност на градежниот објект е вредноста на новиот објект според цените во местото каде што се наоѓа објектот.

[2] Осигурена вредност на опремата е нејзината набавна вредност, зголемена за можните зависни трошоци (превоз, монтирање).

## член 3: пресметка на штета

[1] Штетата на градежниот објект и опремата се пресметува во следниве случаи:

1) уништување - според осигурената вредност на предметите од член 2 од овие услови, намалена за вредноста на спасените остатоци;
2) оштетување - според трошоците за поправка и материјали, кои се потребни за предметите да се доведат во состојба како пред настанување на штетата.

[2] Зголемените трошоци за поправка, кои би настанале поради подобрување, дополнување и слично, не се покриени со осигурување.

## член 4: обврски на осигуреникот

Осигуреникот мора да го употреби надоместокот од осигурување, кој ќе го прими од осигурувачот, за поправка на штетата на предметите кои биле оштетени или уништени.